# НЕМАМ МАЈКА ДА МЕ ПЛАЧЕ




Немам мајка да ме плаче,
Да ме плаче за до века.

Немам татко, да црнее,
Како в поле црна гламња.

Немам сестри да ме жалат,
Колку за година време.

Немам снаи да запеат,
Да запеат жална песна.

Немам браќа да се судат,
За татковото имање.

Немам жена домаќинка,
Да ме чека од работа.

Зошто ми е виа живот,
Кога немам нигде ништо.

Пеел Анде Колев од село Мрежичко—Тиквешко, 1936 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968